# JAKIMOVSKI ŽARKO

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ

СЕПТЕМВРИ — ОКТОМВРИ 1988

# ЖАРКО ЈАКИМОВСКИ

ПАСТЕЛИ 1980 — 1988

# НАСМЕВКА НАД ЗАЛУДНОСТА

Можеби не е чиста случајност што моето вистинско познанство и другарување со Жарко Јакимовски почна во Свети Архангел над Прилеп, има оттогаш повеќе години, манастирот е поставен како и блискиот Трескавец, како Агиос Атос, како и Метеорите, меѓу самите ѕвезди. Во овој библиски простор на грандиозната Природа и складниот одговор на човековиот дух, ситните нешта, малодушноста и излишностите испаруваат на волшебен начин: или се раѓа првата, препочетна Концепција или се останува на оваа страна од случајностите во сенката на самата нечитлива реалност.

Чудно се колку чардакот од конакот извишен високо во карпите и поставен така личи на голема стражарница насочена истовремено кон земјата и небото, добива двојна улога. Потребно е само да свртат позициите, да се постави во последната точка кај што ни допира погледот за чардакот да стане сцена низ која галаксиите и самиот Свемир имаат постојан увид во нашите драмулети. Веројатно само на тој начин секој настан има средишно место и средишно осветлување: пукање на Киклопската канонада од Марковите кули; прскањето на гранитните ѓулиња облепени со мов, лишаи и некаков опасен барутен хлорофил над самата црква; античкиот ѕвон на јарињата во скок; тивкиот свиреж на воздухот што се спровива низ празните очни дупки на некој череп од камарите на Средниот век; црнилото на сенките што се креваат; шиштењето на црвените змии на Апокалипсата што пред да лизнат кон хоризонтот се капат во росните ракатки трева. Ако пролета тука, секавична и нефатлива, лилјачката сенка на Бошко Бабиќ, значи дека настанот е цел и дека нешто се одлепило од вакумот на времето. Сега и најмалата воздишка од чардакот може да се прошири кон сите страни на светот како страотен лелек, тркалање на тешки камења во самата бездна, незапирливо и громогласно ехо. Веројатно дека цел ред вакви секавици го има погодено и сликарот Жарко Јакимовски. Претпоставувам дека морал да застане малечок и гол како секое Божје дете пред крштавањето во големата река на Сликарството. Секако дека нешто морал и да заборави. Да ги заборави најпрвин и неизбежно гипсените анатомски модели од Љубљана, Бидермајерот, малечките училишта и „Академии", пургативните апчиња „валерски" дотеран од некаква „Средна Европа", селските апотеки и лицитарски дуќанчиња. Сосем нов и неиспишан морал одново да почне.

Не верувам дека е сосем случајно што одел и понатаму, да ги здроби дури и стожерите на целото свое дотогашно сликарско наследство — фундаменталниот квадрат и фараонскиот триаголник, во новото раѓање, во просветлувањето, пораките на претците секако дека и понатаму ќе дејствуваа но сега нема веќе да се видливи. Сигурно е дека потегот не е направен без страв и колебање. Триаголникот на неговите слики најпрвин пука странично, квадратот не исчезнува сосема туку само бледее, волуменот на спиралите внатре само е смекнат. Над бездната, пред слатко да се затворат очите и да се полета, тремата и треската се само добри знаци.

Важноста на Свети Архангел ми изгледа видлива токму тука. Ни во тогашните слики ни во последните како да е тоа симболично што се насликани во истиот простор не се препознава ниедна анегдота, ниеден предмет, ниедна видлива реквизита, од тој толку привлечен декор. Од она што е невидливо, напротив, во сликите потекло цело непредвидливо богатство. Во светлина чиј извор е непознат но чија постојаност е несомнена празнично се капат безглави суштества, сатирски распојасени предели и планети, овошки и минерали еднакво облечени во гиздави одори од злата и ултрамарини. Нештата значи поминале во светот на Сликарството и големата Концепција каде што предметите се лица и се личности; светови во соседство чие довикување лесно тече по подлогата на хартијата што останува чист простор. Во тој простор се е можно, разбирливоста и безгранична и „личностите" се растегаат комотно и непречено, се делат, се множат и одново се преформираат. Видливо е како црното, портокаловото и синото, жолтото и лилавото, се вистинската жива што се тркала по млечната белина создавајќи час билни острва, час раскошни трпези, час антички поворки, кентаурски нескладни и непредвидливи, од некој невидлив центар, експлозијата ги тера да патуваат на сите страни, таму каде што нема ни горе ни долу, ни тежина ни потпора.

Така веројатно се случува ако се застане пред бунарот на времето, во Свети Архангел, во Нерези или во Курбиново. Жарко Јакимовски очигледно застанал. Го фрлил во тој понор сопствениот камен, и бродот и сопствената палета. Од иверките на тој некогашен имот, од дробенките и песокот, од овој понор одново ни се враќаат суштества необично гиздаво обоени, неумерени во формирањето, фантастични, слободни, анархични, со патеки на сите страни во овој безграничен простор на сликата и оваа безгранична новосоздадена светлина.

Глигор Чемерски





„Уметникот пред нас ја развива самата техника на духот, тој ни дава некој вид нејзина пластична копија која што можеме да ја видиме и допреме".

Мислата на Жарко Јакимовски има од своите први ликовни транскрипции еден јасен, доследен, континуиран и прецизен пат, кој што во најновите дела се потврдува со отворање на еден комплетен, кохерентен и конкретен свет. Тој свет кој што отсекогаш егзистирал во просторот и во материјата не наметнува исклучиво свои закони и мерки на духовниот живот на авторот, туку зборува за еден посебен вид на мерки и канони. Обликот што од почетокот на творењето на Јакимовски, до сега не претставува обид за акција, туку ја означува самата акција, не може да се замисли одвоен од просторот на идејните и ликовните сознанија на авторот. Тој живее во нив и пред тој самиот да завладее со нив. Овој момент и овој факт го означува и процесот на континуитетот на мислата и на нејзините внатрешни принципи што полека ги вградуваат и цртаат фигурите во времето... Оттука не би можело да стане збор за некои контрадикторности, двојности, недоследности, туку пред се за вокација која што е веќе оформена во внатрешниот живот. „Обликот е тука уште нечист, т.е. непостојан, и се додека не се роди-додека не го заземе местото во надворешниот свет — тој непрекинато се движи во една суптилна мрежа на преобразувања во чиј што распон осцилираат неговите „експерименти". Тоа би значело дека животот на обликот во духот не е слепа репродукција на животот на сликите и спомените, туку неговата силна желба и усилба да се ослободи од таа област преминувајќи во екстернорност, што е и негов внатрешен принцип"... животот во духот е степен на подготвување на неговиот живот во просторот. „Поаѓајќи од нештата во природата, авторот длабоко навлегува во севкупноста на животот на формите, замислувајќи, сеќавајќи се и мислејќи во облаците. Интимната внатрешна структура на делото што ја означува уметничката содржина, чиј што карактер зависи од внатрешниот дијалог на елементите што ја создаваат целината на композицијата, јасно иницира дека композициските елементи не мораат да бидат распоредени и конципирани во врска со некакво конкретно (предметно) значење, туку мораат да бидат во еден хармоничен меѓусебен дијалог во рамките на животот на сликата. „Се се случува во главата пред да се случи во окото. Најпрвин постои идеја (ликовна), потоа се организира слика и се потврдува. Постои борба меѓу идејата, т.е. однапред создадената слика и делото што само за себе се спротивставува. Понекогаш престанувам да сликам и го оставам платното шест месеци недопрено; еден ден повторно го свртувам и забележувам дека сликата е завршена, додека сама од себе не направила. Тоа значи дека во тоа меѓувреме сум ја загубил својата идеја додека сликата го презела сопствениот живот. Таа се одбранила". (Жорж Брак-цитат од Н. Форт, Увод у естетику). Процесот во кој животот на обликот во духот, поаѓајќи од нештата во природата истите ги преобразува во конструкции и форми што му припаѓаат на светот на спомените, мислите и сензибилитетот, е само постапка на едно, така да кажеме, валерско или тонско екстеорирање, односно ликовно транскрибирање. Со други зборови, она што Јакимовски го мислел, обмислувал и ликовно изразувал од почетокот на своите ликовни размислувања до денес, значи само нијансирање на една цврста мисла која што нормално, со време постапно го менувала само својот надворешен, формален облик што значи доследно искажување и спроведување на една неизменлива предодреденост во сфаќањето, односот и изборот на сопствените внатрешни светови и на оние облици кои што Јакимовски им дозволува да се искажат, остварат и задоволат во своите логични трансформации и осцилации, во еден ненарушен свет на хармонија во кој што логично произлегуваат еден од друг. „Во светот на вечните идеи и претсказанијата, уметникот се движи во полна слобода, како да е и тој самиот, т.е. неговиот дух привидение кое што како пенлив превез преоѓа преку конкретни лица и предмети, преобразувајќи го онака како што неговата мечта и идејата — водилка наложуваат.

Она што во основа го прави најчистиот и најзначајниот однос на делата на Јакимовски, е односот на рамнотежата — меѓу колористичките и обликовни дијалози, — во формата, низ линијата, во бојата, низ површинско и чисто — во обликување на односите низ рамнотежа. Ретроактивно гледано, колку што тоа временски распон во творештвото на Јакимовски ни дозволува, можат да се забележат некои основни карактеристики во кои што се движи идејно-ликовниот дијаграм и внатрешните вибрации на авторот: усогласување на индивидуалното и универзалното — на материјата и духот како општа карактеристика; а внатре во тоа: воспоставување на склад и хармонија меѓу облиците, линиите, површините, меѓу конкавното и конвексното, барокно разбранувано и мирно, меѓу суптилен контакт дијалог и разбранувани форми што тој ги исполнува. Конечно, целата таа ликовна прикаска е „излезена" а не затворена од правоаголни, триаголни форми од оние геометриски-математички облици, апсолутни и егзактни форми. Пробивањето на овие облици што

одсекогаш било во фокусот на перцепирањето на Јакимовски иницира интерес за можната материја внатре во тие форми, за нејзиното распрснување, движење и прелевање до степен на речиси апстрактно претставување на содржината внатре во неа, за повторно да ја кондензира во чистата геометриска форма од која што и произлегува.

Дури и кога содржината на триаголникот-пирамидата, квадратот се „истура и разлева до апстрактност која што е всушност конкретна, бидејќи „апсолутно чулно може да се појави само во апстрактното, во математичкото" (Фосијон), препознатливо е единството на правоаголните површини. Просторот е прикажан како апстрактна просторност на површинското: покрет низ контерференција на движења и противдвижења; линеатурата низ права линија што пробива, а бојата преку до одреденост доведени колористички усогласувања. Тоа што на моменти на делата пронаоѓаме некои асоцијативни елементи (производ на нашата имагинација и перспекција), не го определува делото како конкретно. Но сепак, макаршто е можно да имаат одредени мотивски, предметни и директни конотации со одреден објект, тие се далеку поапстрактни и понеодредени, поспекулативни од самата линија". Ништо не е поконкретно, постварно од линијата, бојата и површината" (Тео фан)

Визиите на Јакимовски (што можеме како набљудувачи да ги претпоставуваме) базирани врз вистинската стварност и врз облиците и формите, линиите, површините и боите во нештата што секојдневно не опкружуваат и што ја прават нашата „геометрија и пирамида на живеење", доведени се до онаа оптичка појавеност сведена на нејзините основни белези-константи и како таква, станува со самата себе идентична.

Бојата, и аглите, формите во кои што мислата е организирана ликовно, се остваруваат самите себе во чистиот однос на рамнотежа. Таа усогласеност на чистите односи на елементите на сликата која што не постои во таква идентична препознатлива форма за реалниот свет и во неговиот чист облик, ги реализира односите кои што се хармоничноста идентични со него самиот. „Неговото сликарство е апстрактно-реално т.е. конкретно". (З. Шмит, Естетски процеси, Градина, 1975). Ако станува збот за стилот кај Јакимовски, треба да се има предвид дека формалните елементи кои што се и јазикот на стилот, во досегашниот процес на творењето на Јакимовски (без оглед дали се работи за цртеж или слика — како дисциплина, бидејќи тоа е ирелевантно за авторот), се јавуваат како категорија која се потврдува како заемна усогласност на елементите на ком позицијата — како заемна пропорционалност на нејзините делови. Така, додека формата порано е определена со контури, таа сега слободно се оформува со самиот колорит. Формата не стана канос, модел, туку претставува еден подвижен живот на материјата во еден променлив свет. Кохерентната целина во која облиците се поврзани до заемна усогласност „... се уште ја бара својата хармонија, ја постигнува и ја разорува, но секогаш на поинаков начин".

И покрај разликите во ракописот што логично се јавуваат во текот на времето, со нови сознанија и перцепции, детално анализирајќи ги формите на сликата, тие подразбираат едно единствено определување, една сукцесија или дури и верижност. Без оглед дали се работи за органски или неоргански, апстрактни форми, тие се сфатени и конципирани така што секоја промена во нивното ликовно проседе, во нивната надворешна афирмација, го открива внатрешниот звук на делото, што можеме да го примиме и почувствуваме исклучиво преку проникнување во сликата и соживување со нејзината содржина, со внатрешниот живот на делото. Обликувањето не се однесува на конкретни претстави, туку на исечоци од предметниот реалниот свет прикажани во нивната интерпретативна форма. Тоа би значело дека видливата стварност не се конкретизира (ликовно) во нејзините просторни појави, туку се однесуваат законите на нејзината оптичка организација на сликата на оние основни елементи, (линија, боја) од кои што низ самата композиција и низ нивното преобразување можат да се изградат сите облици на видливиот свет.

„Конкретна слика не кажува никакви прикаски. Таа е тоа што е. Таа не ни соопштува ништо за стварното. Таа е една стварност. Но што е тоа стварно, имплицитно и експлицитно, го одредуваат теориите појмовни модели, што во стварноста создале некое општество и во него секој поединец. Секое искуство на стварноста е независно од теоријата т.е. тоа се стекнува во шемите на очекувањето, што се образувале низ долга успешна практика и што со време полагаат право на ранг на разбирање со себе". (З. Шмит, естетски процеси", Градина, Белград 1975).

Викторија Васев Димеска





„The very technique of the spirit is revealed by the artist in front of our eyes, he offers us its plastic copy, the one we can see and touch."

From the first artistic transcriptions the idea of ŽARKO JAKIMOVSKI has a clear, consistent, continual and precise course confirmed in his latest works developing a complete, coherent and concrete world. This world which has always been present in the space and in matter doesn't necessarily disturb the cannons and criteria of the artist's spiritual life, but deals with a special kind of criteria and cannons. From the first begining of his artistic cretion till now, the shape is not an attempt for action, but it is an action in itself; it can't exist separated from the author's fancy and artistic notions. He lives with them even before he reigns them. This moment and this fact indicate a process of continuity of the idea and its inside principles that build up and outline the fugues of time. Hence, we can't talk of contradictions, of dualism and inconsistency, but of vocation which has already been shaped in the internal life. The shape seems to be unclear here, i.e. inconsistent, and not until it is being created, until it finds its place in the external world, it is in perpetual motion in the subtle network of metamorphosis within which his experiments oscilate.". It might mean that the life of the spiritual shape is not a bilind reproduction of pictures of the life and reminiscences, but his strong wish and urge to liberate himself from that domain passing into exteriority, which appears to be his internal principle... The life in the spirit is a step of preparation to his life in space. Referring to the things in nature the artist deeply penetrates in the wholeness of life and shapes, imagining, reminiscating and reflecting in its shapes. The inside, intimate structure of the work which designates the artistic content, the character of which depends the internal dialogue of the elements that create the integrity of the composition, clearly initiates the fact that the elements of the composition don't necessarily have to be arranged and conceptualised according to same concrete meaning, but they have to be in a harmonious mutual dialogue within the frame of the life of the painting.

Everything is being done in the head before it actually happens in the eye. Firstly the artistic idea is generated, then a painting is organised and lastly it is confirmed. There is always a struggle between the idea, i.e. the preliminary created picture of the work set against itself. „Sometimes I quit painting and I leave the canvas untouched for months; then, one day, I look at it again noticing that the painting is brought to and end, that it has been created by itself. It means that in the meantime I have lost my idea, while the painting has undertaken the course of its own life. It defended itself". (Georges Braque — I. Focht: Introductions to Aesthetics)

Representing the reality of the external world, the things are transformed into constructions and shapes belonging to a world of memories, thoughts and sensibility. That is a process in which the life of the shape of spirit is a procedure of tone and colourful exterioration, i.e. artistic transcription. In other words what Žarko Jakimovski had in mind, contemplated and artistically expressed from the begining of his artistic reflections till now, means only shading a steady thought. It has, naturally, consequently changed only in its exterior formal shape which represents a consistent expression and execution of an unchanged determination, the relation and the choice of his own internal worlds of those shapes that he allows to be expressed, created and satisfied. This happens in his logical transformations and oscillations in an undisturbed world of harmony, a world in which logically one results from the other.

In the world of eternal ideas and prophesies the artist moves freely as if he were his own spirit and apparition which like a foamy veil moves over concrete faces and objects transforming them the way his imagination and leading idea order him to change them. The ratio of balance is something that is the purest and most valuable relation of the author's works. It is a ballance between the colouring and figurative dialogues; in shape, throuhg line, in colour, on the surface and clearness, he achieves all this through ballanced relations.

Making a retroactive close examination of the artistic creative work of Žarko Jakimovski, we can notice some basic characteristics containing the ideal-artistic diagram and the artist's inside vibrations: a close harmony between the individual and universal, between the matter and the spirit as general characteristics; and inside of all this estabilishment of accord and harmony between the shapes, lines, surfaces, between concave and convex, baroque waved and steady, between the subtle tone colouring dialogues and the waved forms that he realises. The whole artists story comes out from the rectangular, triangular shapes, of those geometrical-mathematical shapes, absolute and exact forms. The penetration of those forms that has always been in the author's focus of perception initiates the interest of possible matter

existence inside these forms; the matter is in motion, spread and overflowed to an abstract representation of the content inside itself and it is recognised once again into a clear geometrical shape from which it actually originates. Even if the content of the triangle-pyramid, square as well, pours forth becoming abstract, which in fact is concrete, because „the absolute sensitive may occur only in the obstract, in mathematics“ (Fosillon), the unity of the rectangular sufaces is recognisable. The space is represented as an abstract extentiveness of the surface: motion through interference of movements and counter-movements: the line penetrating the straigh line, and the colour harmonised to certain colour achievement. The fact that sometimes come across some associative elements in his works (result of our imagination and perception), doesn't determine his works as being concrete. But yet, although his work has probly ceratin motivational, subject and direct conotations with a concrete object, they are far more abstract and unidentified, more speculative than the line itself.“ There is nothing more concrete, more realistic than the line, the colour and the surface. Theofan Dusburh: Art Concret, 1930)

The visions of Žarko Jakimovski (which we can only observe and suppose) are based on the true reality and on the shapes and forms, linces, surfaces and colours as well, i.e. of things we are surrounded by in our everyday's life and that make the geometry and pyramid of living. His visions are brought to the optical appearence reduced to their basical features-contents, and, as such, becoming identical to itself. The colour and the angles, the forms by which the thought is artistically organised, are realised by themeslves through the pure balance relations. The pure relation harmony of the elements of the painting, the one that does not exist in the real world in such identically recognizable form, realises the relationships that are more harmonious and identical to itself. „His painting is abstract-real, i.e. concrete“. (Z. Schmit: Aesthetic Processes, Gradina 1975).

Considering the author's style we should bear in mind the formal elements which are the language and the style (no matter if it is a drawing or a painting, as discipline, because for the author it is irrelevant), appear as a category, later confirmed as a mutual harmony of composition of elements, as like a mutual proportion of its components. So, while in his earliest works the form was determined by contours, now it is shaped freely with the colour itself. We can talk about the form as a cannon-model, but as one representing a mobile life of the matter in a changeable world. We can talk about a coherent integrity where the shapes are connected to a mutual harmony...“ he is still in search of his harmony, he achieves it and destroys it, but always in a different way.“

Gaining new senses and perceptions one's handwriting, logically, changes in time. So, if we analyse the shapes of the painting, they comprehend one unique determination, a succession or even a chain system. It makes no difference if the forms are organic, unorganic, or abstract, they are realised and conceptualised in such a way that every change in its artistic procédé, in their outside affirmation, discover the inside sound of the work that we can accept and feel only penetrating through painting and identifying oneself with its content, and with its internal life as well. The shape does not reffer to concrete pictures, but to some cuttings of the real world presented in their interpretative form. It might mean that the visibile reality is not artistically concrete in its spacious appearences, but the cannons of the optical existency of the paint are predetermined; i.e. those elements (line, shape and colour) from which the composition itself and their transformations we can build all the shapes that exist in the visible world.

„The concrete painting does not tell any stories. It is what it is. It does not tell anything about the reality. It is a reality itself. But what is actually real, implicit and explicit, determined by theories, conceptualised models that created a society in the real world, where everyone is a person. Every experienced reality acts independently from the theory, i.e. it is acquired through the schemes of expectations formed through long, successful practice and in time are entitled to rang and understanding.“ (Z. Schmit)

Viktorija Vasev Dimeska




JAKIMOVSKI '87

Жарко Јакимовски
Роден е 1948 во Скопје.
Академија за ликовна уметност завршил во Љубљана 1974 година.
Живее и работи во Скопје, ул. Срећко Пужалка бр. 106

Самостојни изложби

1976 Скопје, Дом на младите 25 мај
1979 Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ
1980 Скопје, Музеј на современа уметност
Виена, Галерија Шетенфилд
1981 Суботица, Ликовен салон
Зрењанин,
Охрид, Хотел „Десарет"
1982 Марибор, Уметничка галерија
Крањ, Мала галерија
Штутгарт, Експеримент галери
1986 Скопје, Клуб на писателите
Штутгарт; Галерија на Народната банка

Групни изложби
1975 Загреб, Изложба на Југословенскиот цртеж
1979 Битола, Триенале на современа југословенска графика
Приштина, Југословенско биенале на цртеж
Грац, 14-ти интернационални сликарски недели
Дубровник, Љубљана, Сараево, Белград, Приштина, Скопје, Рим,
15 македонски современи ликовни уметници
1980 Скопје, Критичарите одбраа
1981 Марибор, Прва југословенска изложба „Екологија и уметност"
Сомбор, Шесто триенале на современ југословенски цртеж
1982 Чачак, 11-ти меморијал „Надежда Петровиќ"
Скопје, Современи македонски сликари „Генерација 4"
1984 Скопје, 40 години на современо македонско ликовно творештво
1985 Штутгарт, 13 современи македонски ликовни уметници
Од 1975 повремено учествува на ДЛУМ-овите изложби
Награди и признанија
1978 Скопје, ДЛУМ-ова награда за цртеж
1979 Скопје, Награда за слокарство „Лазар Личеноски"
1981 Сомбор, Награда за цртеж на „VII триенале на југословенскиот цртеж
1982 Скопје, Награда за сликарство на „Млада генерација 4"

ŽARKO JAKIMOVSKI was born in 1948 in Skopje. In 1974 he graduated at the Academy of Fine Arts in Ljubljana. Resides and works in Skopje, „Srećko Pužalka" 106.

INDIVIDUAL EXIBITIONS

1976 — Skopje, Home of Youth „25 May"
1979 — Skopje, Art Salon of DLUM (The Society of Macedonian Artist)
1980 — Skopje, Museum of Contemporary Art
Wien, Schetenfield Galerie
1981 — Subotica, Art Salon
Zrenjanin
Ohrid, Hotel „Desaret"
1982 — Maribor, Art Gallery
Kranj, Little Gallery
Stuttgart, Experimentgalerie
1986 — Skopje, Writer's Club
Stuttgart, Volksbank Galerie

GROUP EXIBITIONS

1975 — Zagreb, Exibition of Yugoslav Drawing
1979 — Bitola, The Triennial of the Contemporary Yugoslav Graphic Arts Priština, The Yugoslav Biennial of Drawing
Graz (Austria), The Fourteenth Painter's Weeks
Dubrovnik, Ljubljana, Saraevo, Beograd, Priština, Skopje, Rome The Fifteen Contemporary Artists
1980 — Skopje, The Critic's Choice
1981 — Maribor, The First Yugoslav Exibition „Ecology and Art"
Sombor, The Sixth Triennial of Contemporary Yugoslav Drawing
1982 — Čačak, The Eleventh Memorial „Nadežda Petrović"
Skopje, Contemporary Macedonian Artists — Young Generation IV
1984 — Skopje, 40 Years of Macedonian Visual Arts
1985 — Stuttgart, 13 Contemporary Macedonian Artist
From 1975 he occasionally participates in the year exibitions of DLUM (The Society of Macedonian Artists)

MAJOR AWARDS

1978 — Skopje, The Award of DLUM (The Society of Macedonian Artists) for Drawing
1979 — Skopje, The Award of DLUM „Lazar Ličenoski" for Painting
1981 — Sombor, The Award for Drawing of „the Seventh Triennial of Yugoslav Drawing"
1982 — Skopje, The Award for Painting of the „Young Generation IV"






JAKIMOVSKI '87


JAKIMOVSKI 87

Аноним,
Изложба на Ташевски, Јакимовски и Филовски,
Вечер, Скопје, 29.III.1976

Аноним,
Изложба во тек,
Нова Македонија, Скопје, 28.III.1976

Гилевски, Паскал,
Грижа за техничките проблеми,
Вечер, Скопје, 3.IV.1976

Хаџи Наумов, Венјамин,
Значајно деби,
Млад Борец, Скопје, 21.X.1976

(М. Мак.),
Дела од седумдесетмина уметници,
Нова Македонија, Скопје

Дирјан, Лилјана,
Ништо ново во ДЛУМ,
Студентски Збор, 14.XII.1976

Величковски, Владимир, 26.XII.1976
Нешто треба да се менува,
Нова Македонија, Скопје,

Т.Ш.,
Гигантска изложба на ДЛУМ,
Вечер, Скопје, 3.1977

Е. Клетников,
Без принцип на селекција,
Млад Борец, Скопје, 16.XI.1977

Величковски, Владимир,
Најцелосно презентирање,
Нова Македонија, Скопје, 20.XI.1977

Гилевски, Паскал,
Цртежот како дисциплина,
Вечер, Скопје, 10.XII.1977

Величковски, Владимир,
Без позначителни отстапувања,
Вечер, Скопје, 16.XII.1977

Гилевски, Паскал,
Графички варијанти,
Вечер, Скопје, 12.V.1978

Makedonski umetnici izlažu u Sarajevo,
Vjesnik, Zagreb, 14.IX.1979

Đevad, Hozo,
Jedinstvo ličnosti i sveta,
Oslobođenje, Sarajevo, 15.IX.1979

Mikulić, Planinka,
Tri generacije,
Odjek, Sarajevo, 15.IX.1979

М. Ѓуриќ,
Прве ласте нове сезоне,
Политика, Београд, 19.IX.1979

Anonim,
Umetnost treh generacij,
Delo. Ljubljana, 4.X.1979

С. Ѓуровска,
Петнаесет современи македонски уметници,
Нова Македонија, Скопје, 9.X.1979

Mesensnel, Janez,
Spopadanja in spoznavanja,
Delo, Ljubljana, 9.X.1979

Zalar, Franc,
Posluh za sedobno,
Dnevnik, Ljubljana, 16.X.1979

С. Ѓ.,
Отворена XXXIV изложба на ДЛУМ,
Нова Македонија, Скопје, 21.X.1971

Anonim,
Godišnja izložba DLUM-a,
Vjesnik, Zagreb, 22.X.1979

J. Поповски,
Дела Лазара Личеноског,
Политика, Београд, 22.X.1979

С. Ѓ.,
Пејзажот како ликовен предизвик,
Нова Македонија, Скопје, 25.X.1979

Bassin, Aleksandar,
Petnajst makedonskih umetnikov,
Naši Razgledi, Ljubljana, 26.X.1979

С. Ѓуровска,
Оценувани оценувачи,
Нова Македонија, Скопје, 2.XI.1979

Н. Радичевски,
Кон изложбата на ДЛУМ,
Студентски Збор, Скопје, 3.XI.1979

Величковски, Владимир,
Не изостанаа интересни остварувања,
Нова Македонија, Скопје, 4.XI.1979

Ѓуза, Петар,
Савремени токови македонске уметности,
Јединство, Приштина, 23.XI.1979

Соња А. Димитрова,
Нешто треба да се менува,
Комунист, Скопје, 21.XII.1979

Гилевски, Паскал,
Што е тоа цртеж,
Вечер, Скопје, 24.XII.1979

Гилевски, Паскал,
Историско минато,
Вечер, Скопје, 27.XII.1979

Н. Радичевски,
Кон изложбата на македонскиот цртеж,
Студентски Збор, Скопје, 28.XII.1979

Аноним,
Отвара се изложба македонских уметника,
Јединство, Приштина, 4.I.1980

Аноним,
Изложба на 15 македонски ликовни уметници,
Нова Македонија, Скопје, 5.I.1980

Аноним,
Изложба македонских уметника,
Јединство, Приштина, 5.I.1980

Величковски, Владимир,
Во отсуство на посериозен приод,
Нова Македонија, Скопје, 6.I.1980

Д. М.,
Излажу македонци,
Политика Експрес, Београд, 6.I.1980

Д.Д.,
Македонската уметност во Приштина,
Вечер, Скопје, 7.I.1980

С. Хадерѓанај,
Македонски ликовни уметници у Приштини,
Политика, Београд, 7.I.1980

Аноним,
Изложба македонских сликара,
Побједа, Титоград, 7.I.1980

Аноним,
Изложба македонских уметника,
Дневник, Нови Сад, 7.I.1980

Anonim,
Sodobna makedonska umetnost,
Delo, Ljubljalna, 15.I.1980

(Д.Д.),
Петнаесет македонски ликовни уметници,
Нова Македонија, Скопје, 18.I.1980

Д. Г.,
Три генерацијае,
Политика Експрес, Београд, 18.I.1980

Аноним,
Савремена македонска уметност,
Политика, Београд, 19.I.1980

Р. Куз.,
Отворена изложба „15 македонски ликовни уметници“,
Нова Македонија, Скопје, 20.I.1980

Васиљевиќ, Коста,
Трагање за битним,
Комунист, Београд, 1.II.1980

Аноним,
Три Генерације,
ТВ Новости, Београд, 1.II.1980

П. Васиќ,
Заједништво духа и тежњи,
Политика, Београд, 5.II.1980

Гилевски, Паскал,
Дискретно сликарство,
Вечер, Скопје, 14.II.1980

(М.М.),
Одумдесет подарени дела,
Нова Македонија, Скопје, 15.II.1980

Гилевски, Паскал,
Петнаесетмината,
Вечер, Скопје, 21.II.1980

(С.Ѓ.),
Самостојна изложба на Жарко Јакимовски,
Нова Македонија, Скопје, 29.II.1980

Бакевски, Петар,
Каталог,
Вечер, Скопје, 1.III.1980

Аноним,
Извесна стилска и вредносна хетерогеност,
Нова Македонија, Скопје, 2.III.1980

Аноним,
Нагласеност на валерските тонови и композиции,
Нова Македонија, Скопје, 12.V.1978

В. Попов,
Уметноста е градење,
Млад Борец, 15.XI.1978

Гилевски, Паскал,
Пробив на цртежот,
Вечер, Скопје, 9.XII.1978

Аноним,
Откупни награди за Јакимовски и Корубин,
Нова Македонија, Скопје, 9.XII.1978

Абаџиева Димитрева, Соња,
Сензибилната структура на цртежот,
Комунист, Скопје, 1.I.1979

Б. Мусовиќ,
ДЛУМ-Цртеж-1978,
Млад борец, Скопје, 10.I.1979

Гилевски, Паскал,
Графички калеидоскоп,
Вечер, Скопје, 3.II.1979

Мусовиќ, Богдан,
Графиката под сликарско туторство,
Нова Македонија, Скопје, 11.II.1979

Димитрова А. Соња,
Панорама на југословенската графика,
Комунист, Скопје, 2.III.1979

Аноним,
Изложба на Јакимовски,
Нова Македонија, Скопје, 23.III.1979

Т. Ширилов,
Цртежот — вечен предизвик,
Вечер, Скопје, 5.IV.1979

С. Ѓуровска,
Трето биенале на цртежи,
Нова Македонија, Скопје, 6.IV.1979

Дирјан, Лилјана,
Цртежот како кадар,
Студентски Збор, Скопје, 9.IV.1979

(С.Ѓ.),
Редовно изборно собрание на ДЛУМ,
Нова Македонија, Скопје, 28.V.1979

Мусовиќ, Богдан,
Три графички манифестации,
Нова Македонија, Скопје, 10.VI.1979

(С.Ѓ.),
„Петнаесет современи македонски уметници“,
Нова Македонија, Скопје, 21.VI.1979

A. Bartović,
Suvremena makedonska likovna stvaralaštva,
Slobodna Dalmacija, Split, 27.VI.1979

Аноним,
15 македонски ликовни уметници,
Вечер, Скопје, 4.VII.1979

Димитрова А. Соња,
Меѓурепублички проникнувања,
Комунист, Скопје, 6.VII.1979

M.K.,
Savremena makedonska umetnost,
Sarajevske novine, Sarajevo, 16.I.1979

Аноним,
Изложба „15 современи македонски уметници“,
Нова Македонија, Скопје, 18.VIII.1979

N. Agić,
Otvoren stvaralački dijalog,
Oslobođenje, Sarajevo, 28.VIII.1979

N. Agić,
Savremeni makedonski umetnici,
Oslobođenje, Sarajevo, 19.IX.1979

Аноним,
Изложба современа македонска уметност,
Нова Македонија, Скопје, 12.IX.1979

Аноним,
Јединство личности и света,
Борба, Београд, 12.IX.1979

Аноним,
Современа Македонска уметност во Сараево,
Вечер, Скопје, 12.IX.1979

Anonim,
Slike i skulpture makedonskih umetnika,
Sarajevske novine, Sarajevo, 12.IX.1979

Аноним,
Савремена македонска умјетност у „Колегиум артистикум“,
Побједа, Титоград, 12.IX.1979

Аноним,
Савремена македонска уметност,
Дневник, Нови Сад, 12.IX.1979

Аноним,
Савремена македонска уметност,
Јединство, Приштина, 12.IX.1979

Liselette, Espenhahn,
In Wiener galerien,
Kurier, 7.III.1980

Аноним,
Жарко Јакимовски...,
Политика, Београд, 10.III.1980

Anonim,
Žarko Jakimovski...,
Delo, Ljubljana, 11.III.1980

Anonim,
Mladi makedonski slikar Žarko Jakimovski,
Oslobođenje, Sarajevo, 11.III.1980

Aninim,
Ein Spigellild der Desing — entwiekluag,
Wiener Zeitung, 13.III.1980

Taber, Jan,
Galerie am Schottenfeld,
AZ, 17.III.1980

Šokaranja, Matjaž,
Makedonec na Dunaju,
Delo, Ljubljana, 27.III.1980

Т. Ширилов,
Цртежи работени за Виена,
Вечер, Скопје, 4.IV.1980

Лазарев, Ристо,
Писци за округлим столом,
Књижевне новине, Београд, 12.IV.1980

Ѓуровска, Софија,
Белината е вечна и непроменета,
Нова Македонија, Скопје, 20.IV.1980

Veličkovski, Vladimir,
Tradicionalno u novom,
Vjesnik, Zagreb, 29.IV.1980

Вукобратовиќ, Драган,
Мајски аплаузи југословенима,
Борба, Београд, 13.VI.1980

Гилески, Паскал,
Сликарски инсерти и детали,
Вечер, Скопје, 11.XI.1980

(С.Ѓ.),
Изложба на слики од Жарко Јакимовски,
Нова Македонија, Скопје, 21.XI.1980

Гилевски, Паскал,
Нови појави и вредности,
Вечер, Скопје, 28, 29, 30.XI.1980

П. Г.,
Внатрешни форми,
Вечер, Скопје, 4.XII.1980

Аноним,
Продажна изложба на Димо Тодоровски и Јакимовски,
Нова Македонија, Скопје, 12.XII.1980

Мусовиќ, Богдан,
Во нов недефиниран бесконечен простор,
Нова Македонија, Скопје, 14.XII.1980

Kline, Milojko,
Po likovno o okulju,
Delo, Ljubljana, 25.XII.1980

Veličkovski, Vladimir, Bassin, Aleksandar,
Onesnaženost in likovni svet Eko 80,
Naši Razgledi, 26.XII.1980

Мусовиќ, Богдан,
Нова димензија на ликовната уметност,
Нова Македонија, Скопје, 28.XII.1980

Абаџиева Димитрова, Соња,
Динамична и плодна активност,
Комунист, Скопје, 29.XII.1980

Абаџиева Димитрова, Соња,
Се поприсутни во светските галерии,
Нова Македонија, Скопје, 31.XII.1980

Zalan, Franc,
Novo rastavišče — novo trienale,
Dnevnik, Ljubljana, 6.I.1981

Абаџиева Димитрова, Соња,
Подемот и актуелноста на цртежот,
Комунист, Скопје, 9.I.1981

Мусовиќ, Богдан,
Скромно и просечно,
Нова Македонија, Скопје, 15.II.1981

(С.Ѓ.),
Македонска графика и цртеж во Нови Сад и Загреб,
Нова Македонија, Скопје, 20.II.1981

Мусовиќ, Богдан,
35. Изложба на ДЛУМ,
Млад Борец, Скопје, 25.III.1981

Гилевски, Паскал,
Нови простори,
Вечер, Скопје, 19.V.1981

Мусовиќ, Видое Богдан,
За менување на ликовниот медиум,
Нова Македонија, Скопје, 24.V.1981

Наневски, Душко,
Јазикот на инспирацијата,
Нова Македонија, Скопје, 24.V.1981

(С.Ѓ.),
Изложба „Македонска ликовна уметност",
Нова Македонија, Скопје, 28.V.1981

Н. Накова,
Почнува биеналното студио,
Нова Македонија, Скопје, 14.VIII.1981

Ж. Церовиќ,
Истраживања младих,
Борба, Београд, 21.VIII.1981

Aninimm
Slap,
Oko, Zagreb, 3.IX.1981

Т. Ширилов,
Богата ликовна есен,
Вечер, Скопје, 9.IX.1981

(С. Ѓ.),
Изложба на Јакимовски и Димчевски,
Нова Македонија, Скопје, 10.IX.1981

Бојаџиски, Иван,
Бијенале цртежа,
Борба, Београд, 11.IX.1981

Anonim,
Crteži i grafike,
Subotičke novine, Subotica, 11.IX. 1981

Р. Р. Т.,
Скопски културен мозаик,
Вечер, Скопје, 15.IX.1981

Павличевиќ, Звонко,
Богата ликовна јесен,
Јединство, Приштина, 18.IX.1981

Aninim,
Slike — misaoni doživljaj,
Subotičke novine, Subotica, 18.IX.1981

Skunce, Josip,
Bogatstvo forme,
Vjesnik, Zagreb, 25.IX.1981

Ištvan, Sajko,
Kulturni žal u letnjem periodu,
Subotičke novine, Subotica, 25.IX.1981

Томљеновиќ, Иво,
Панорама једног доба,
Борба, Београд, 30.IX.1981

Поповски, Коста,
Успешно во Суботица,
Вечер, Скопје, 19.X.1981

Т.К.,
Изложба на графичката колонија,
Вечер, Скопје, 20.X.1981

Аноним,
Изложба на графичката колонија, „Гевгелија 81
Нова Македонија, Скопје, 21.X.1981

Н.Р.,
Отворена сомборска ликовна јесен,
Политика, Београд, 26.X.1981

Величковски, Владимир,
Еден можен избор,
Нова Македонија, Скопје, 1.XI.1981

Mladenović, Dragan,
Svetkovina kovačnice novih vrednosti,
Misao, Novi Sad, 5.XI.1981

Гилевски, Паскал,
Колонија на графичарите,
Вечер, Скопје, 5.XI.1981

Туторов, Јасмина,
Цртежи и графике,
Зрењанин, Зрењанин, 27.XI.1981

Величковски, Владимир,
Без селекција,
Нова Македонија, Скопје, 9.XII.1981

Величковски, Владимир,
Оптичка игра,
Нова Македонија, 6.I.1982

Димитрова А. Соња,
Различни остварувања,
Комунист, Скопје, 15.I.1982

Абаџиева Димитрова, Соња,
Минатогодишните ликовни врвови,
Комунист, Скопје, 19.II.1982

Р.М.,
За поголем континуитет во работата,
Народен Глас, Прилеп, 26.II.1982

В.Г.,
Доделени наградите на изложбата „Млада генерација IV",
Нова Македонија, Скопје, 19.III.1982

H. Grandovec,
Dinamika misli in likov,
Večer, Maribor, 20.III.1982

Гилевски, Паскал,
Млада генерација IV,
Вечер, Скопје, 23.III.1982

Велевска, Валентина,
Игри без граници,
Млад Борец, Скопје, 31.III.1982

M. V.,
Jože Ciuha...,
Glas, Kranj, 8.IV.1982

Anonim,
Makedonski slikar Žarko Jakimovski v Raknju,
Glas, Kranj, 8.IV.1982

Aninim,
Novo v Gorenjskom muzeju,
Dnevnik, Ljubljana, 1.IV.1982

Баришиќ, Ладислав,
Ниво на површна информација,
Екран, Скопје, 9.IV.1982

В. Карамфилов,
Не обединува ликовната уметност,
Екран, Скопје, 16.IV.1982

Абаџиева Димитфова, Соња,
Младите на потег,
Комунист, Скопје, 14.V.1982

Баришиќ, Ладислав,
Графиката не е масовна појава,
Екран, Скопје, 11.VI.1982

(Т.Л.),
Прилепско уметничко лето,
Нова Македонија, Скопје, 14.VII.1982

Р.М.,
Убавината е инспирација,
Народен Глас, Прилеп, 30.VII.1982

Р.М.,
Инспирација, дела — Галерија,
Народен Глас, Прилеп, 13.VIII.1982

Д. Наумовска,
Уметниците создаваат нови дела,
Нова Македонија, Скопје, 13.VIII.1982

Локвенец, Ташко,
Продолжува добрата традиција,
Нова Македонија, Скопје, 25.VIII.1982

Величковски, Владимир,
Ослободување од декоративното,
Нова Македонија, Скопје, 26.XI.1982

Величковски, Владимир,
Што всушност се менува
Нова Македонија, Скопје, 1.XII.1982

Гилески, Паскал,
Резултатите на повидок,
Вечер, Скопје, 6.XII.1982

Абаџиева Димитрова, Соња,
Обид за менување,
Комунист, Скопје, 14.I.1983

Величовски, Владимир,
„Обновена" фигурација,
Нова Македонија, Скопје, 10.XII.1983

Величовски, Владимир,
Местимични суптилности,
Нова Македонија, Скопје, 21.XII.1983

С. Ѓуровска,
Нови појави во македонската ликовна уметност,
Нова Македонија, Скопје,

С.Ѓ.,
Акција на Тома Шијак,
Нова Македонија, Скопје, 19.I.1984

Аноним,
Сликарството сепак доминира,
Студентски Збор, Скопје, 25.V.1984

Т.Ш.,
Македонска изложба во Штутгард,
Вечер, Скопје, 21.XII.1984

З.П.,
Изложба на ДЛУМ во Штутгард,
Нова Македонија, 10.I.1985

Т. Ширилов,
Македонска уметност во Штутгард,
Вечер, Скопје, 10.I.1985

Петковски, Борис,
„Нешто треба да се менува" — па и во професионалната критика,
Комунист, Скопје, 1.II.1985

Абаџиева Димитрова, Соња,
Која професионална објективност,
Комунист, Скопје, 15.II.1985

В.К.,
Изложба — „Современа македонска уметност",
Нова Македонија, Скопје, 5.IV.1985

В.С.,
Изложба на современата македонска уметност,
Вечер, Скопје, 16.IV.1985

В.К.,
Изложба на современата уметност од Македонија.
Нова Македонија, Скопје, 17.IV.1975

Аноним,
Изложба,
Нова Македонија, Скопје, 19.IV.1985

Д.Д.,
Слика за јубилеј,
Народне Новине, Ниш, 5.VII.1985

Љ.Ј.,
Почиње „Сиќевачка колонија"
Вечерње Новости, Београд, 5.VII.1985

Аноним,
Надежди у спомен,
Дневник, Нови Сад, 6.VII.1985

Anonim,
„Sićevo 85",
Vjesnik, Zagreb, 6.VII.1985

В. К.,
Само постојани изложби,
Нова Македонија, Скопје, 4.IX.1985

Ѓуровска, Софија,
Истражувачка самосвест и автентични содржини,
Нова Македонија, Скопје, 10.XI.1985

В.С.,
Цртежи на Жарко Јакимовски,
Вечер, Скопје, 17.XII.1985

С.Ѓ.,
Изложба на Жарко Јакимовски,
Нова Македонија, Скопје, 17.XII.1985

С. Ѓуровска,
Вонгалериски изложби,
Нова Македонија, Скопје, 19.XII.1985

Гилевски, Паскал,
Прочистени сваќања,
Вечер, Скопје, 21.I.1986

Пауновски, Љубен,
Психолошки иконописи,
Студентски Збор, Скопје, 21.II.1986

Ѓ(еорѓиевски) S(вездан),
Врачена наградата на Димче Протугер,
Нова Македонија, Скопје, 1.VII.1987

Аноном,
Кој настан, личност, дело,
Нова Македонија, Скопје, 9.I.1988

## ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА ВИ НУДИ:

**3 × 3**
**ЛОТО**
**СПОРТСКА ПРОГНОЗА**
**СРЕЌКИ**

УЧИТЕЛСКИ ДУЌАН „ЈОЛЕ“-СКОПЈЕ

**ЈОВАН НОВАКОВИЌ**

ТЕЛ.220-259



издавач: Уметничка галерија „Скопје“ — Скопје
одговорен уредник: Драган Бошнаковски
одрганизација на изложба и каталог: Коста Мартиноски
предговор: Викторија Васев Димеска и Глигор Чемерски
фотографии: Марин Димес
превод на англиски: Катица Ацевска
печат: ро НИП „Нова Македонија“ — Скопје
тираж: 500 примерока